*РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*
*РЕВИЗОРСКО ТЕЛО ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ*
*ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ*

ПОЕДНОСТАВЕНА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ПОСТАПКА СО ПРЕГОВАРАЊЕ БЕЗ ПРЕТХОДНО ОБЈАВУВАЊЕ НА ОГЛАС

ЗА НАБАВКА НА УСЛУГА ОДРЖУВАЊЕ НА АПЛИКАТИВЕН СОФТВЕР ЗА ФИНАНСИСКО И СМЕТКОВОДСТВЕНО РАБОТЕЊЕ

*Скопје, јули 2013 година*

**Инструкции за понудувачите**

**1. Договорен орган**

Договорен орган - Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, со адреса на ул. Васил Главинов бр. 12/1 – ТЦЦ Плаза – Скопје, телефон за контакт 02/3215-621, факс 02/3222-302 електронска адреса ipa_aa@dzr.gov.mk, контакт лице Иван Игњатов.

**2. Предмет на договорот за јавна набавка**

2.1. Предмет на договорот за јавна набавка е набавка на услуга одржување на апликативен софтвер за финансиско и сметководствено работење, за период од 3 (три) години.

Детален опис на предметот на договорот е даден во техничката спецификација во прилог на оваа тендерска документација.

2.2. Предметот на договорот е неделив. Економскиот оператор во својата понуда треба да ги вклучи сите составни делови. Во спротивно понудата ќе се смета за неприфатлива. Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти, без ДДВ како и увозните царини доколку ги има, а истите треба да бидат искажани и посебно за предметот на набавката.

**3. Начин на испорака / извршување на услугата**

Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го изврши согласно условите од договорот склучен со најповолниот понудувач.

**4. Разлики во цена (корекција на цени)**

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

**5. Рок на испорака / за извршување на услугата**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во рок согласно условите од договорот склучен со најповолниот понудувач

**6. Начин на плаќање**

Начин на плаќање е вирмански со доставување на месечна фактура, со плаќање во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата.

**7. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите**

За да учествуваат во постапката за доделување на договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

7.1. Лична состојба

- во последните 5 години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност, и
- понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

7.2. Способност за вршење на професионална дејност

Понудувачот треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

7.3. Техничка или професионална способност

Критериуми за утврдување на техничката или професионалната способност на понудувачот се:

- претходно искуство – понудувачот /економскиот оператор во последните три години да има вршено услуги предмет на набавката (според спецификациите премет на понудата.

7.4. Стандарди за системи за квалитет

- ISO 9001-2008 за економскиот оператор
- ISO:27001 за економскиот оператор

## 8. Начин на докажување на способноста на понудувачот

Понудувачот го потврдува исполнувањето на критериумите за утврдување на личната состојба со изјава која ја доставува во прилог на својата понуда. Исполнетоста на останатите критериуми за утврдување на способност, понудувачот ја докажува со доставување на потребната документација утврдена во овој дел од тендерската документација:

8.1. За докажување на личната состојба:

- изјава на понудувачот дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;

- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност и
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

Документите од точка 8.1 не смеат да бидат постари од 6 месеци, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од понудувачот на барање на комисијата. Ако договорниот орган се сомнева во документите за утврдување на личната состојба на понудувачот, тој го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната состојба.

<u>8.2. За докажување на способноста за вршење на професионална дејност</u>

За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот треба да достави со својата понуда документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

<u>8.3. За докажување на техничката или професионалната способност:</u>

- листа на главни испораки на понудувачот/економскиот опратор извршени во последните три години, со вредности, датуми, договорни органи, со обезбедување на потврда за извршени испораки издадени од најмалку тројца приматели или доколку такви потврди не можат да се обезбедат од причини вон контрола на понудувачот/економскиот оператор, само со негова изјава за извршени испораки;

<u>8.4. За исполнување на стандардите за системи на квалитет</u>

- Сертификат на име на економскиот оператор за имплементиран систем за менаџмент на квалитет (ISO 9001:2008)
- Сертификат на име на економскиот оператор за имплементиран систем за сигурност на информациски систем, за стандард (ISO:27001)

<u>8.5.</u> Документите од точка 8.2, 8.3 и 8.4 се доставуваат во оригинал или копија заверена од понудувачот/економскиот оператор.

Ако договорниот орган се сомнева во доставените документи за утврдување на способноста на понудувачот/економскиот оператор, тој го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на способноста.

## 9. Изготвување и поднесување на понудите

### 9.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во тендерската документација, со користење на обрасците дадени во прилог. Понудувачот подготвува еден оригинален примерок со ознака „оригинал“. Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува овластено лице од страна на понудувачот. Сите страници на понудата, освен за неизменетата печатена литература, ги парафира лицето кое ја потпишува понудата. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата.

### 9.2. Изјава за сериозност на понудата

Во прилог на понудата, понудувачот доставува и потпишана изјава за сериозност на понудата, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација. Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со издавање негативна референца против таквиот понудувач на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки. Изјавата ја потпишува лицето што ја потпишува и понудата. Доколку лицето што ја потпишува изјавата се разликува од лицето што ја потпишува понудата, во прилог се доставува и овластување за потпишување на изјавата.

### 9.3. Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Образец на понуда (Прилог 1),
- Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба (Прилог 2),
- Изјава за сериозност на понудата (Прилог 3),
- Документ за регистрирана дејност,
- Документи за докажување на техничката или професионалната способност.
- Документи за докажување на стандардите за системи на квалитет

### 9.4. Јазик на понудата

Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои

се дел од понудата може да бидат на друг јазик, под услов да се придружени со точен превод на македонски јазик.

9.5. Период на важност на понудата

Периодот на важност на понудата ќе изнесува 120 (сто и дваесет) дена од денот на преговарањето за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

## 10. Завршување на постапката за доделување на договор за јавна набавка

10.1 Постапката за доделување на договор за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

**Техничка спецификација за**
**Услуга за одржување на апликативен софтвер за финансиско и сметководствено работење за период од 3 (три) години**

**1. Опис на апликативниот софтвер**

Избраниот понудувач е должен да извршува комплетно одржување на следниот софтверски модул:

Интегриран финансиски информационен систем

1. Сметководство – главна книга
2. Буџетско работење
3. Финансиска оператива и трезорско работење (отворени ставки, влезни трошоци фактури, налози за плаќање, изводи)
4. Пресметка на плати
5. Основни средства
6. Материјално – магацинско работење
7. Електронска благајна
8. Електронска изработка на финансиски извештаи.

Апликативниот софтвер е изработен од надворешен добавувач. Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош не го поседува изворниот код. Увид во апликативниот софтвер може да направите во просториите на Ревизорското тело, со претходна најава и потпишана изјава за доверливост на податоците.

**2. Под услуга одржување на апликативен софтвер за финансиско и сметководствено работење, за период од 3 (три) години се подразбира:**

Економскиот оператор е должен да ги спроведува минимум следните услуги:

- Активности за одржување на софтверот во употреблива состојба (затворање на апликација за тековна и отворање за следна календарска година) и др.
- Телефонска, модемска и е-маил помош и консултации (понеделник – петок: 08:30 – 16:30)
- Додатно прилагодување на софтверот усогласено со промени на законската регулатива
- Адаптација на апликациите со цел зголемување на функционалноста и олеснување на операторското работење (до 20 часа годишно)
- Исправка на операторски грешки (до 20 часа годишно)
- Посети на лице место по барање на договорниот орган
- Корекција на софтверски грешки (багови) пријави при редовното работење
- Поправка на воочени функционални недостатоци кои отстапуваат од потребните услови и го носат системот во потенцијален ризик
- Исправка на грешки кои предизвикуваат застој и недостапност на функционалноста

Софтверските модификации може да се прават далечински или на лице место.

3. Начин на плаќање:

Месечен паушал за одржување на апликативен софтвер за финансиско и сметководствено работење.

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на барањето за преговарање без претходно објавување на оглас од страна на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, за доделување на договор за јавна набавка на услуга одржување на апликативен софтвер за финансиско и сметководствено работење, со спроведување на постапка со преговарање без претходно објавување на оглас и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: ____________________________________________
I.2. Контакт информации
- Адреса: ____________________________________________
- Телефон: ____________________________________________
- Факс: ____________________________________________
- Е-пошта: ____________________________________________
- Лице за контакт: ____________________________________________

I.3. Одговорно лице: ____________________________________________
I.4. Даночен број: ____________________________________________

**Дел II – Техничка и финансиска понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме услугите согласно условите дефинирани во Техничката спецификација за набавка на услуга одржување на апликативен софтвер за финансиско и сметководствено работење, за период од 3 (три) години.

II.2 Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, кој е искажан посебно, изнесува

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| Опис | Месечен износ без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (кол.2x36 месеци) | ДДВ |
| Одржување на апликативен софтвер за финансиско и сметководствено работење | | | |
| Вкупна цена на листата без ДДВ<br>Со зборови: | | | |

Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ изнесува: ______________________________________________(со бројки) (______________________________________________) (со букви) денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува________________________.

II.3. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

II.4. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

II.5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и приложениот нацрт - договор.

| Место и датум | Одговорно лице |
|---|---|
| ____________________________ | ____________________________ |
| | (потпис и печат) |

**Прилог 2 – Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба**

## И З Ј А В А

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудувачот ____________________________________________ *[се наведува назив на понудувачот]* во целост ги исполнува критериумите за утврдување на способноста на понудувачите утврдени во тендерската документација за набавка на услуга одржување на апликативен софтвер за финансиско и сметководствено работење, за период од 3 (три) години со постапка за преговарање без претходно објавување на оглас од страна на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во тендерската документација за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку нашата понуда биде избрана за најповолна.

Место и датум

__________________________

Овластено лице

__________________________

(потпис и печат)

**Прилог 3 – Изјава за сериозност на понудата**

## И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот ____________________________ [име и презиме], врз основа на член 47 став 1 од Законот за јавните набавки, а во својство на овластено лице на понудувачот ______________________________________, изјавувам дека во целост ја гарантирам содржината на понудата и дека понудата е валидна и правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од прекршување на оваа изјава во случаите од член 47 став 6 од Законот за јавните набавки, што ќе доведе до издавање негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум                                        Овластено лице

______________________                    ______________________

(потпис и печат)

НАЦРТ – ДОГОВОР

**за набавка на услуга одржување на апликативен софтвер за финансиско и сметководствено работење, период од 3 (три) години**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

А. РЕВИЗОРСКО ТЕЛО ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ, ул. Васил Главинов број 12/1 - ТЦЦ Плаза, 1000 Скопје, ЕМБС 6702031 застапувано од Главниот ревизор за ИПА, Лепосава Апостоловски Велинов, (во понатамошниот текст: Договорен орган) од една страна,

и

Б. ______________________________________________________________
(назив, адреса, седиште и држава)

застапуван/о од __________________________________________________________
(во понатамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој Договор се утврдуваат меѓусебните права и обврски на Договорниот орган и Носителот на набавката во врска со услуга одржување на апликативен софтвер за финансиско и сметководствено работење, период од 3 (три) години, специфицирани во техничката спецификација на Договорниот орган спроведена постапка за преговарање без претходно објавување на оглас која Економскиот опреатор се обврзува да ја извршува, а Договорниот орган да ги преземе трошоците и плати во согласност од одредбите од овој Договор.

**Член 2**

Под услуга одржување на апликативен софтвер за финансиско и сметководствено работење, се подразбира: месечен паушал за одржување што опфаќа:

- Активности за одржување на софтверот во употреблива состојба (затворање на апликација за тековна и отворање за следна календарска година) и др.
- Телефонска, модемска и е-маил помош и консултации (понеделник – петок: 08:30 – 16:30)
- Додатно прилагодување на софтверот усогласено со промени на законската регулатива
- Адаптација на апликациите со цел зголемување на функционалноста и олеснување на операторското работење (до 20 часа годишно)
- Исправка на операторски грешки (до 20 часа годишно)
- Посети на лице место по барање на договорниот орган

- Корекција на софтверски грешки (багови) пријави при редовното работење
- Поправка на воочени функционални недостатоци кои отстапуваат од потребните услови и го носат системот во потенцијален ризик
- Исправка на грешки кои предизвикуваат застој и недостапност на функционалноста

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Услугите од член 1 и член 2 на овој договор ќе се извршува по следните цени:

Месечен паушал за одржување изнесува _____________ денари со вкалкулиран ДДВ, односно _________ денари без ДДВ и износ за ДДВ од ________ денари.

Вкупниот износ на набавката за период од 36 месеци изнесува ______________ денари со вкалкулиран ДДВ, односно _______ денари без ДДВ и износ за ДДВ од ______________ денари.

## IV. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 4**

Начинот на плаќање на предметот на овој Договор е вирмански со доставување на месечна фактура, со плаќање во рок од 30 дена по приемот на фактурата.

## V. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на договорот, е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

## VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Договорот се склучува за период од 3 (три) години од денот на неговото склучување.

## VII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

**Член 7**

Економскиот оператор се обврзува дека ќе врши одржување на апликативниот софтвер за финансиско и сметководствено работење и тоа:

Врз основа на пријава усмена или писмена од договорниот орган ( телефон, е-маил или факс) од кога се смета дека економскиот оператор е известен за дефектот.

Економскиот оператор ќе пристапи кон отстранување на дефектот во рок од 1 (еден) ден од моментот на пријавувањето на дефектот.

Економскиот оператор се обврзува дека ќе го отстрани дефектот во рок од 2 (два) дена од пријавувањето.

**Член 8**

Економскиот оператор се обврзува дека за своето доаѓање, извршената работа и за времето на напуштање на просториите на договорниот орган , ќе ги извести одговорните лица на договорниот орган.

Економскиот оператор се обврзува дека сите податоци до кои ќе дојде при реализирањето на овој Договор ќе ги чува како службена тајна.

Отстранување на дефектот е извршен во моментот на потпишување на работниот налог од работникот на економскиот оператор и договорниот орган.

**Член 9**

Договорниот орган се обврзува дека пријавата на дефектите ќе ја извршува во работно време на економскиот оператор и тоа секој работен ден од 08 до 16 часот.

**Член 10**

Договорниот орган се обврзува дека:

- Во рамките на интерните сигурносни прописи ќе обезбеди непречен пристап на работникот на економскиот оператор до одржување на апликативен софтвер за финансиско и сметководствено работење;
- Ќе се придржува кон упатствата, обуката и нормите за употреба и ракување со инсталацијата и опремата, добиени од Економскиот оператор;
- Ќе назначи овластено лице за контакт со Економскиот оператор;
- Ќе му обезбеди соодветни кадровски, просторни и технички предуслови за извршување на услугата предмет на овој Договор.

**Член 11**

За недефинираните услуги за кои нема дадено пријава од страна на договорниот орган, истиот нема обврска да ги плати.

## VIII. РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

**Член 12**

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавната набавка.

## XI. ВИША СИЛА

**Член 13**

Договорните страни се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон другата за загуба, штета, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор, кои се предизвикани со дејство на виша сила.

Под виша сила се подразбира она што е регулирано со Законот за облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат во рок од 24 часа писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на настапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување на Договорот или услови за раскинување на Договорот.

## XiI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 14**

Овој Договор стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни и важи до неговата целосна реализација.

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине Договорот. Договорот може да се раскине и пред неговото извршување, со претходна согласност од двете договорни страни, под услови предвидени со Законот за облигациони односи.

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат, сите спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

За се што не е предвидено со овој Договор, ќе се применува Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

Овој Договор може да се менува со Анекс- Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

Овој Договор е изработен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН
Ревизорско тело за ревизија на
инструментот за претпристапна помош

**Главен ревизор за ИПА,**

**Лепосава Апостоловски Велинов**

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА

Составен дел на овој Договор е:
а) Понудата на Носителот на набавката